Australian Government
Medicare Australia

PBS

# Носење и испраќање на лекови од Шемата за фармацевтски бенефиции (PBS) во странство

Многу видови на лекови чинат повеќе отколку што плаќате за нив – некои чинат и стотици долари. Преку Шемата за фармацевтски бенефиции или Шемата за фармацевтски бенефиции (Pharmaceutical Benefits Scheme - PBS), Австралиската влада го надоместува трошокот за голем опсег на лекови кои се издаваат на рецепт.

Сите жители на Австралија имаат пристап до евтини лекови преку Шемата за фармацевтски бенефиции. Лековите од Шемата за фармацевтски бенифиции исто така се достапни и за посетители од Италија, Нов Зеланд, Република Ирска, Финска, Норвешка, Малта, Холандија, Шведска, Белгија и Обединетото Кралство, а кои имаат право на оваа шема. Австралија има потпишано Спогодби за заемна здравствена нега со овие земји.

Освен за лична употреба или за потребите на некој кој патува со вас, нелегално е да се испраќаат лекови од Шемата за фармацевтски бенефиции надвор од Австралија за други причини. Исто така постојат ограничувања за количината на лекови од Шемата за фармацевтски бенефиции кои можете да ги земете со вас или да ги испратите во странство.

Лицата за кои ќе се открие дека ракуваат со лекови од Шемата за фармацевтски бенефиции на начин кој е различен од нивната основна цел ризикуваат да добијат казна до $5000 и/или две години затвор.

## Носење лекови од Шемата за фармацевтски бенефиции во странство

Доколку планирате патување во странство, важно е да ги понесете препишаните лекови со вас за да останете во добро здравје додека сте надвор од земјата. Исто така е важно да се осигурате дека вашите лекови не се сметаат за нелегални во земјата во која патувате.

Доколку понесете лекови од Шемата за фармацевтски бенефиции во странство за ваша лична употреба или за некој кој патува со вас, вие треба:

- Да позборувате со вашиот лекар и да дискутирате за лековите кои треба да ги понесете со себе
- Да се јавите во амбасадата на земјата во која ќе патувате за да бидете сигурни дека лекарствата таму не се нелегални
- Да носите писмо од вашиот лекар кое наведува какви се лековите, по колку од нив ќе пиете и дека се за ваша лична употреба
- Да ги чувате лековите во нивното оригинално пакување, така што на налепницата јасно ќе се гледаат вашето име и презиме и напатствијата за дозата.

## Испраќање на лекови од Шемата за фармацевтски бенефиции во странство

Доколку планирате да праќате лекови од Шемата за фармацевтски бенефиции во странство за ваша лична употреба додека сте таму, или за лична употреба за некој кој од Австралија ќе патува со вас, вие треба:

- Да позборувате со вашиот лекар и да дискутирате за лековите кои треба да ги испратите
- Да се јавите во амбасадата на земјата во која ќе патувате за да бидете сигурни дека лекарствата таму се законски
- Да приложите писмо од вашиот лекар во пакувањето кое ги наведува деталите за лековите, зошто ги испраќате, и дека се за ваша лична употреба
- Да ги чувате лековите во нивното оригинално пакување, така што на налепницата јасно ќе се гледаат вашето име и презиме и напатствијата за дозата

- На вашиот пакет да прикачите комплетна царинска декларација, која може да се најде во секоја пошта, и која наведува дека пакетот содржи препишани лекови кои се за ваша лична употреба.

Давање на лекови од Шемата за фармацевтски бенефиции на членови од семејството или на пријатели за кои тие не се препишани не само што е противзаконски, туку може да го загрози и нивното здравје. Може да биде опасно да се земаат лекови со поминат рок, или лекови кои не се препишани специјално за вас.

## За повеќе информации

| | |
|---|---|
| Преку Интернет | **www.medicareaustralia.gov.au** |
| Електронска пошта | **pbs@medicareaustralia.gov.au** |
| Повик | **1800 500 147**** (Информации за праќање или носење лекови од Шемата за фармацевтски бенефиции во странство) |
| | **1800 020 613**** (Линија на Шемата за фармацевтски бенефиции за општи прашања) |
| TTY | **1800 552 152**** (Линија за лица со оштетен слух и говор) |
| TIS | **131 450*** (Преведувачка и толкувачка служба) |

*Повикот се наплаќа

**Повикот се наплаќа само од мобилни телефони и говорници.

1577_14g.04.11.09